Врз основа на член 3 став 1 алинеја 20 и член 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16 и 142/16), член 10 и 11 в.в. со член 17 подточка 1.1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-2844/2 од 05.11.2013 година, 01-420/2 од 14.03.2014 година, 01-2644/3 од 18.12.2014 година, 01-344/2 од 19.06.2015 година и 01-437/3 од 17.10.2016 година и Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на надворешни соработници-оценувачи на тестови од екстерниот дел на државната матура бр.**02-167/1 од 21.03.2017** година, Државниот испитен центар, распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

## *за избор на надворешни соработници-оценувачи*

Државниот испитен центар – Скопје распишува ***јавен конкурс за избор на надворешни соработници – оценувачи на тестови од екстерниот дел на државната матура во учебната 2016/2017 година, по предметите:***

- *Македонски јазик и литература;*
- *Албански јазик и литература;*
- *Турски јазик и литература;*
- *Англиски јазик;*
- *Француски јазик;*
- *Германски јазик;*
- *Руски јазик;*
- *Математика (на македонски наставен јазик);*
- *Математика (на албански наставен јазик);*
- *Математика (на турски наставен јазик);*
- *Физика (на македонски наставен јазик);*
- *Физика (на албански наставен јазик);*
- *Физика (на турски наставен јазик);*
- *Хемија (на македонски наставен јазик);*
- *Хемија (на албански наставен јазик);*
- *Хемија (на турски наставен јазик);*
- *Биологија (на македонски наставен јазик);*
- *Биологија (на албански наставен јазик);*
- *Биологија (на турски наставен јазик);*
- *Естетика / Филозофија (на македонски наставен јазик);*
- *Естетика / Филозофија (на албански наставен јазик);*
- *Филозофија (на турски наставен јазик);*
- *Бизнис (на македонски наставен јазик);*
- *Бизнис (на албански наставен јазик);*
- *Бизнис (на турски наставен јазик);*
- *Историја (на македонски наставен јазик);*
- *Историја (на албански наставен јазик);*
- *Историја (на турски наставен јазик).*

Оценувањето на тестовите ќе се врши во Скопје, во периодот од ***08 до 25.06.2017 година.***

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Македонија;
- да имаат соодветно високо образование;
- да имаат најмалку три години работен стаж во настава;
- да реализираат настава во средно училиште по соодветниот наставен предмет.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава;
- копија од уверението/ дипломата за соодветно високо образование;
- потврда дека реализираат настава по соодветниот наставен предмет, во средно училиште, со број на години работен стаж во настава.

Пријавата може да се преземе од веб-страницата www.matura.gov.mk

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на обука и тестирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Конкурсот трае до 11.04.2017 **година**.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ 66 1000 Скопје*, со назнака з**а јавен конкурс и предметот за кој се пријавувате**.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР